| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| **Назив на планскиот документ** | Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за градби со намена Г1-Производство на енергија и тешка загадувачка индустрија (Г1.4-Тешка градежна индустрија и производство на неметали), КО Згрополци, општина Градско |
| **Орган надлежен за изработка на планскиот документ** | Тајфа Архитексти Куманово |
| **Орган надлежен за донесување на планскиот документ** | Министерство за транспорт |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| **Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ** | Стефан Лазаревски, диа |
| **Назив на работното место** | Планер |
| **Контакт податоци за лицето** | Ул. Живко Чало бр. 23, 1300 Куманово<br>Телефон: 070/511-131 |

| Основни податоци за планскиот документ | | | |
|---|---|---|---|
| **Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба)** | | | |
| Проектниот опфат кој е предмет на уредување со Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за градби со намена Г1 – Производство на енергија и тешка загадувачка индустрија (Г1.4 – Тешка градежна индустрија и производство на неметали), КО Згрополци, Општина Градско, зафаќа површина од 102052м² (10,2 ха) и неговата местоположба е ограничена на површината на КП бр. 54/2 и КП бр. 55/1, КО Згрополци, Општина Градско.<br>Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за градби со намена Г1 – производство на енергија и тешка и загадувачка индустрија (Г1.4 - тешка градежна индустрија и производство на неметали), КО Згрополци, општина Градско, ќе се изработи врз основа на методологијата, која произлегува од одредбите утврдени со:<br>• Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 32/20 и 111/23);<br>• Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 219/21 и 104/22);<br>• Законот за градење (Сл. Весник на РМ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 137/2013, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16,132/16, 64/18, 168/18, 244/19, 18/20 и 279/20). | | | |
| **Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот?** | | | |
| Да X<br>Не | | | |
| **Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување?** | | | |
| Проектниот опфат кој е предмет на уредување со Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, не бил предмет на планирање и уредување во минатото и како таков е опфатен со Просторниот план на Република Македонија, донесен на 11.06.2004 год. од Собранието на Република Македонија. Следствено, локацијата која е предмет на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план е покриена со Услови за планирање на просторот со намена тешка градежна индустрија и производство на неметали на дел од КП 55/1, КО Згрополци, Општина Градско со технички бр. Y18624 од јули 2024 година, за кои е издадено Решение за Услови за планирање од Министерството за животна средина и просторно планирање бр. УП1-15 1404/2024 од 22.07.2024 година, додека останатиот дел во површина од П≈0,1ха, ќе се разработи врз основа на Условите за планирање на просторот бр. Y41023 за кои е издадено Решение бр. УП1-15 2476/2023 година издадени за изработка на Урбанистички план вон населено место Згрополци, за мултинаменски стопански комплекс во м.в. Тркало, КО Згрополци. Двата дела се интегрална целина на проектниот опфат, предмет на разработка на овој урбанистички проект. | | | |
| **Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа.** | | | |
| ДА – просторно и урбанистичко планирање. | | | |
| **Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5)** | | | |
| | | | |
| Да √<br>Не | Член: 3 | Точка: 5 | Алинеја: 5 |
| **Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор.** | | | |
| Да, проектот спаѓа во наведената Уредба, во Прилог 1, точка 19-Инсталација за производство на цемент. | | | |
| **Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење.** | | | |

Проектниот опфат кој е предмет на уредување со урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за градби со намена Г1 – производство на енергија и тешка и загадувачка индустрија (Г1.4 - тешка градежна индустрија и производство на неметали), КО Згрополци, општина Градско, во рамки на земјиште кое е во државна сопственост и зафаќа површина од приближно 10,2 ха.

**Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе.**

Предметниот проектен опфат ќе се разработува за група на градби, инфраструктура, опрема и партер вон населено место за кои не постојат услови и економска оправданост за донесување на урбанистички план за подрачја и градби од државно значење, а врз основа на член 47, став 5 од Правилникот заурбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 219/21 и 104/22). Соодветно на тоа, истиот ќе се уредува и планира со изработка на урбанистички проект вон опфат на урбанистички план.

Урбанистичкиот проект, има крајна цел преку:

- максимално вклопување на инфраструктурата со теренот и постојната состојба
- почитување и заштита на правото на човекот на работа
- почитување и валоризација на културното и градителското наследство
- вградување на мерки за заштита на природата и животната средина
- вградување на мерки за заштита и спасување
- почитување на законските прописи, стандарди и нормативи во планирањето и уредувањето на просторот
- почитување на законските прописи за дадената намена.

**Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.)**

Планирање на просторот.

**Периодот за донесување на планскиот документ.**

2024 година.

**Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години?**

10 години.

**Простор или област опфатени со планскиот документ. (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа)**

Проектниот опфат кој е предмет на уредување со урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за градби со намена Г1 – производство на енергија и тешка и загадувачка индустрија (Г1.4 - тешка градежна индустрија и производство на неметали), КО Згрополци, општина Градско, во рамки на земјиште кое е во државна сопственост и зафаќа површина од приближно 10,2 ха. Дел од предметниот проектен опфат во површина од П≈10,1 ха ќе биде разработен врз основа на Условите за планирање на просторот бр. Y18624, за кои е издадено Решение бр. УП1-15 1404/2024 година, додека останатиот дел во површина од П≈0,1ха, ќе се разработи врз основа на Условите за планирање на просторот бр. Y41023 за кои е издадено Решение бр. УП1-15 2476/2023 година издадени за изработка на Урбанистички план вон населено место Згрополци, за мултинаменски стопански комплекс во м.в. Тркало, КО Згрополци. Двата дела се интегрална целина на проектниот опфат, предмет на разработка на овој урбанистички проект.

Проектниот опфат кој е предмет на уредување со Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за градби со намена Г1 – Производство на енергија и тешка загадувачка индустрија (Г1.4 – Тешка градежна индустрија и производство на неметали), КО Згрополци, Општина Градско, зафаќа површина од 102052м² (10,2 ха) и неговата местоположба е ограничена на површината на катастарските парцели КП бр. 54/2 и КП бр. 55/1, КО Згрополци, Општина Градско.







| **Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ.** |
|---|
| Да √ |

| |
|---|
| Не |
| **Дали е приложена копија од целите?** |
| Да<br>Не √ |

| | |
|---|---|
| **Резиме на влијанијата врз животната средина**<br>**(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.)** | |
| Работењето на ваква инсталација е активност која може да предизвика влијанија врз животната средина, односно може да предизвика испуштање на емисии во воздухот, во почвата, подземните и површинските води. Со спроведувањето на стратегиската оцена на влијанието на овој план ќе се процени можното влијание од неговото спроведување во зависност од избраните и предложени решенија. Согласно ова ќе се изврши процена на влијанието врз медиумите и областите за животната средина при што ќе бидат оценети, како негативните така и позитивните влијанија од спроведувањето на овој проект. | |
| **Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влијанијата;** | Веројатноста на влијанието врз животната средина од спроведување на проектот ќе зависат од начинот на спроведување на мерките. Времетраењето, фрекфенцијата и повратноста ќе се утврдуваат преку спроведувањето на оценката за одделни мерки што ќе се врши со изработка на Студија за оцена на влијанието на проектот врз животната средина. Овие влијанија се оценуваат како можни, локални, повратни и неповратни влијанија. |
| **Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето** | Во близина на планскиот опфат не се очекуваат кумулативни влијанија врз животот и здравјето на луѓето. |
| **Прекугранична природа на влијанијата;** | Нема. |
| **Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи);** | Нема. |
| **Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната).** | Тргнувајќи од определбата дека популациската политика преку систем на мерки и активности треба да влијае врз природниот прираст, се оценува дека за обезбедување на плански развој и излез од состојбата на неразвиеност се наметнува водењето активна популациска политика во согласност со можностите на социо-економски развој на Републиката. Во овие рамки треба да се води единствена популациска политика со диференциран пристап и мерки по одделни подрачја, со цел да се постигне оптимализација во користењето на просторот и ресурсите, хуманизација на условите за семејниот и општествениот живот на населението, намалување на миграциите, како и создавање на услови за |

<table>
<tr><td></td><td>порамномерен регионален развој на Републиката.<br>Според Пописот од 2021 година, Општина Градско брои 3233 жители.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се:</td></tr>
<tr><td colspan="2">Позитивно влијание врз социо-економските развој на општината, отварање на нови работни места, зголемување на стапката на економски раст, стимулирање на развојот на останатите дејности, проектирањето, комуналните дејности, градежништвото и сл., зголемување на приходите на локалната самоуправа, подобрување на комуналната инфраструктура и уреденост на просторот.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:<br>Новопредвидените активности во планскиот опфат ќе бидат извори на емисии во воздух, бучава, отпад, но се очекува истите да бидат контролирани и сведени во границите на максимално дозволени концентрации дефинирани во согласност со националното законодавство.</td></tr>
<tr><td>Посебни природни карактеристики или културно наследство</td><td>Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија на просторот предложен за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за градби со намена Г1-Производство на енергија и тешка загадувачка индустрија (Г1.4-Тешка градежна индустрија и производство на неметали), КО Згрополци, општина Градско, нема евидентирано ниту регистрирано природно наследство.<br>Согласно податоци и информации добиени од Министерство за култура – Управа за заштита на културно наследство, допис бр. 17-2557/2 од 09.08.2024 година, констатирано е дека на подрачјето на предметниот проектен опфат пронајдени се повеќе археолошки остатоци, воедно на подрачјето лежи археолошкиот локалитет „Керамидница“ (населба од римско време) со ЕМБ 4-831-032/385 Е НД – добро за кое основано се претпоставува дека претставува културно наследство.<br>Дополнително е наведено да се контактира со НУ Национален конзерваторски центар – Скопје како надлежна установа за заштита на културното наследство да извршат увид во границите на предметниот проектен опфат и да се произнесат со стручно мислење.</td></tr>
<tr><td>Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности</td><td>Од предвидените плански содржини не се очекува надминување на стандардите за квалитет на животната средина, ниту пак на граничните вредности.</td></tr>
<tr><td>Интензивна употреба на земјиштето</td><td>Врз основа на извршена посета на терен, како и анализа на ажурираната геодетска подлога (изработена од Друштво за рударство, информатика, геодезија и терестричка фотограметрија „Р.И. – ГТФ“ ДОО Скопје, со дел. бр. 0801-20/24-4 од 07.08.2024 година), направена е инвентаризација и снимање на изградениот градежен фонд, земјиштето, вкупната физичка супраструктура и зеленилото. Соодветно на тоа, изработена е табела во која е прикажана целокупната изграденост на теренот, состојбата, видот и степенот на изграденост на делот од катастарската парцела во рамките на проектниот опфат.</td></tr>
</table>

| НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ – ПОСТОЈНА СОСТОЈБА | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДБИ СО НАМЕНА Г1 – ПРОИЗВОДСТВО НА ЕНЕРГИЈА И ТЕШКА И ЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА (Г1.4 - ТЕШКА ГРАДЕЖНА ИНДУСТРИЈА И ПРОИЗВОДСТВО НА НЕМЕТАЛИ), КО ЗГРОПОЛЦИ, ОПШТИНА ГРАДСКО | | | | | | | ПРОЕКТЕН ОПФАТ_П=10.2ха | | | | | |
| Број на катастарска Парцела | Број на градба | Класа на намена | Намена | Состојба | Тип на градба | Катност | Површина на катастарска Парцела (м²) | Површина под намена (м²) | Изградена површина (м²) | Бруто развиена Површина (м²) | Процент на изграденост (%) | |
| дел од 54/2 | / | Е1 | улица | / | / | / | 964 | 497 | / | / | / | |
| | / | Д2 | заштитно зеленило | / | / | / | | 467 | / | / | / | |
| дел од 55/1 | / | Д2 | заштитно зеленило | / | / | / | 101088 | 55 | / | / | / | |
| | / | / | нива | / | / | / | | 99778 | / | / | / | |
| | / | / | земјен пат | / | / | / | | 1087 | / | / | / | |
| | 1 | Г4 | помоштен објект | средна | скелетен | П | | 168 | 18 | 18 | 0 | |
| | 2 | Г4 | помоштен објект | средна | скелетен | П | | | 100 | 100 | 0 | |
| | 3 | Г4 | помоштен објект | средна | скелетен | П | | | 17 | 17 | 0 | |
| | 4 | Г4 | помоштен објект | средна | скелетен | П | | | 33 | 33 | 0 | |
| | | | | | | Вкупно | 102052 | 102052 | 168 | 168 | 0 | |

**Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признат статус на национални или меѓународни заштитени подрачја**

Нема.

**Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:**

Реализирањето на планските решенија со избраната намена во просторот ќе овозможи искористување на поволната географска положба на локацијата, добрата поставеност во однос на сообраќајната поврзаност.

Со реализација на овој проект се овозможува локацијата да прерасне како единствена просторна и функционална целина која ќе даде голем допринос за развојот на локалната и национална економија како ориентација во актуелните економски тенденции на државата.

За активностите за кои се пропишани мерки за управување со животна средина ќе бидат подготвени следните документи: Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, Студија за оцена на влијанијата врз животната средина или Елаборати за заштита на животната средина, како и А интегрирана еколошка дозвола.

**Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):**

Во близина на планскиот опфат нема резиденцијални објекти.

**Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој: (Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови)**

Имплементацијата на планската содржина предвидена со проектот со контролирани емисии во медиумите од животната средина ќе допринесе за стопански развој во општина Градско, од аспект на приходи од комунални такси и даноци, зголемено вработување и намалување на невработеноста и сл.

Но, од аспект на животната средина во оперативната фаза на објектите може да се генерираат

емисии кои може да предизвикаат влијанија врз медиумите од животната средина, односно:
Воздух: зголемена фрекфенција на возила, работни активности;
Бучава: зголемено ниво на бучава од градежната механизација;
Вода: несоодветното третирање на отпадните води може да го наруши квалитетот на површинските и подземните води, како и квалитетот на почвата;
Природно и културно наследство: на предметната локација пронајдени се повеќе археолошки остатоци;
Пејсаж: нема посебни пејсажни карактеристики;
Отпад: генерирање на отпад.
Во стратегиското планирање акцентот на економскиот развој треба да се стави на контролирани емисии во медиумите, одржливо искористување на ресурсите и отпадот и примена на мерки за енергетска ефикасност. Од аспект на одржливост, донесувањето на планот позитивно ќе влијае врз:

- Привлекување на нова работна сила и вработување, намалување на сиромаштијата;
- Допринос во локалната и национална економија.

**Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност.**
**(Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали.)**
Неправилно управување со медиумите може да доведат до загадување на животната средина и здравјето на човекот, квалиетот на воздухот, квалитетот на почвата итн.

**Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина.Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.**
Како основа за изготвување на оваа урбанистичка документација послужија Услови за планирање на просторот со намена тешка градежна индустрија и производство на неметали на дел од КП 55/1, КО Згрополци, Општина Градско со технички бр. Y18624 од јули 2024 година, за кои е издадено Решение за Услови за планирање од Министерството за животна средина и просторно планирање бр. УП1-15 1404/2024 од 22.07.2024 година.
Овој проект е поврзан со следниве документи:

- Просторен план на РМ;
- Услови за планирање на просторот;
- Стратегија за управување со води во РМ;
- Национален план за управување со отпад;
- Национална стратегија за економски развој на РМ 1998;
- Национална стратегија за одржлив развој;
- Втор национален еколошки акционен план на РМ;
- Стратегија за демографски развој на РМ;
- Стратегија за подигање на јавната свест во животната средина и др.

Со цел предвидените активности во планскиот опфат да се одвиваат непречено, а од друга страна да се даде посебен осврт на заштитата на животната средина се донесува Одлука за спроведување на стратегиска оцена на животната средина.

**Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.**
Опфатот не бил разгледуван во друг плански документ и за истиот нема претходно спроведено стратегиска оцена.

**Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде**

| | |
|---|---|
| **оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изграба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).**<br>Согласно Законот за животна средина и Уредбата за определување на критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оценка на влијанијата врз животната средина потребно е да се утврди потреба за спроведување на постапка за оценка на влијанието на проектот врз животната средина. Потребата од оцена на влијанијата врз животната средина ја донесува Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина. Согласно Законот за животна средина, како и Законот за заштита на природата, правните или физичките лица кој вршат дејности или активности кои не спаѓаат во проектите за кои се спроведува постапка за оцена на влијанието врз животната средина се должни да изготват Елаборат за заштита на животната средина, со цел да се оцени влијанието на дејностите или активностите врз животната средина, пред да започнат со спроведување на проектот и истиот да го достават до органот надлежен за одобрување на спроведувањето на проектот.<br>За овој проект се изработува Оцена на влијание на проектот врз животната средина, согласно Прилог 1, точка 19-Инсталација за производство на цемент од Уредба за определување на проектите и за критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оцена на влијанијата врз животната средина. | |
| **ИЗЈАВА** | **Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни.** |
| **Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот** | **Министер за транспорт**<br>Александар Николоски |
| Бр. 67-1832/8<br>Датум: 04.10.2024<br>Место: Скопје | М.П. |